**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**

бул. Св.Климент Охридски бр.58-Б, Скопје
Поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 01-486/1
12.02. 20 21 год.viti
Скопје-Shkup

**До**

**Влада на Република Северна Македонија**

**Во својство на Собрание на акционери на НЕР АД Скопје**

Согласно член 17 од Статусот на Акционерско друштво за вршење наенергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, а во врска со членовите 383 и 384 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20) Одборот на директори на НЕР АД Скопје на педесет и третата седница одржана на 12.02.2021 година го усвои следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост за 2019 година

- дополнет текст од 12.02.2021 година -

Годишниот извештај за работата на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост за 2019 година (дополнет текст од 12.02.2021 година) го содржи текстот на Годишниот извештај за работата за 2019 бр.01-3038/1 од 28.12.2020 година и дополнувањето од педесет и третата седница на Одборот на директори на НЕР АД Скопје одржана на 12.02.2021 година.

**Реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – Делница Штип – Неготино – Битола и Делница Скопје – Тетово – Гостивар"**

Во месец Ноември 2015 година е донесен Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – Делница Штип – Неготино – Битола и Делница Скопје – Тетово - Гостивар", ("Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2015) врз основа на кој се обезбедени финансиски средства за реализација на наведените гасоводни делници, а во врска со Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии и Дојче банка АГ, филијала во Лондон и Ерсте банка АГ број 15-10888/10 од 10.12.2015 година, (Договор за заем), Министерство за финансии на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија (ЗАЕМОДАВАЧ), Министерство за транспорт и врски (КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ) и Акционерско Друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост (ЗАЕМОПРИМАЧ - ИНВЕСТИТОР) склучија Договор за подзаем.

**Изградба на магистрален гасовод Делница Блок станица 5-Неготино**

Во текот на 2019 година продолжи изградбата на Магистралниот гасовод Делница „Блок станица 5 – Неготино" со ГМРС Штип и ГМРС Неготино, која започна на 16.06.2016 година. Изградбата на наведената Делница согласно Договорот за Изградба на магистрален гасовод Делница „Блок станица 5 – Неготино" со ГМРС Штип и ГМРС Неготино бр.05-163/106 склучен на 08.06.2016 година, ја изведува Групата на понудувачи РАПИД БИЛД ДОО Куманово, ЕЛ-ТЕ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје, СПЕКТАР ТЕРМО ДОО Скопје, ЧАКАР ПАРТНЕРС ДОО Скопје и КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово.

За изградбата на Делница Блок станица 5-Неготино преземени се следните активности:

- Коресподенција поврзана со градбата на Делница Клечовце- Блок станица 5, помеѓу НЕР АД Скопје (Инвеститор), Рапид Билд ДОО Куманово – Лидер на група понудувачи (Изведувач) и Простор ДОО Куманово (Надзор),
- организирање и учество на сите потребни работни состаноци со Изведувачот и Надзорот,
- посета на траса,
- разгледување на целокупната документација доставена од Изведувачот која се однесува на учесници во изградбата и испорачатели на опрема и материјали и учество во нивното одобрување,
- разгледување на времени месечни ситуации, Известувања за планирани работи за наредниот ден и Извештаи за сработени работи за претходниот ден,
- Посета на траса и изготвување на записник за интерен технички преглед.

- Со отклонување на забелешките од интерен технички преглед Изведувачот Рапид Билд ДОО Куманово – Лидер на група понудувачи до НЕР АД Скопје достави допис-Известување за комплетно завршување на сите работи на Магистрален гасовод Делница Блок станица 5-Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино со бр.0306-683 од 03.06 2019 г. со кој не известува дека заклучно со 31.05.2019 г. градбата е завршена и тоа согласно Известување за извршени корекции во однос на забелешки од НЕР АД Скопје и Надзорот Простор ДОО Куманово, како и Градежните дневници доставени во прилог на дописот потпишани од страна на Надзорот во кои е наведено дека сите работи се комплетно завршени.

Во однос на изградбата на магистрален гасовод Делница Блок станица 5 - Неготино, во текот на 2019 година согласно податоците за извршување на работата и финансиската реализиција на договорот, а согласно времените ситуации прикажани во следната табела, реализацијата во 2019 година е 8,84 %, а вкупната реализација на градбата од самиот почеток е 101,83 % прикажано во табеларен преглен за конечна пресметка. **Вредноста по договорот без ДДВ изнесува 971.709.736,00 денари.**

**Табела за реализација по квартали во 2019 година (согласно времени ситуации):**

| Р. бр | Опис | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Декември 2018 | Вредност на извршени работи во прв Квартал 2019 | Вредност на извршени работи во Април 2019 | Вкупна вредност на извршени работи Завршна ситуација Јуни 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | МКД | МКД | МКД | МКД |
| 1 | ГРАДЕЖНИ РАБОТИ | 338,600,439.21 | | 594,979.81 | 35,763,982.13 |
| 2 | МАШИНСКИ РАБОТИ | 481,374,871.89 | 1,303,412.65 | | 32,453,868.10 |
| 3 | КАТОДНА ЗАШТИТА | 9,741,783.89 | 42,506.76 | 88,151.88 | 197,625.84 |
| 4 | ЕЛЕКТРО РАБОТИ-ЛИНИСКИ ДЕЛ | 571,126.24 | | | |
| 5 | ОПТИКА-ЛИНИСКИ ДЕЛ | 10,177,110.74 | | | |
| 6 | ГМРС Неготино | 23,370,975.46 | 3,769,778.39 | 1,317,534.77 | 207,599.37 |
| 7 | ГМРС Штип | 28,162,377.05 | 123,138.96 | 129,994.84 | 184,245.39 |
| 8 | Поврзување на катодни станици и ГМРС-а на дистрибутивна мрежа на ЕВН | 3,106,651.25 | 5,465,801.94 | 91,007.08 | 2,488,819.26 |
| 9 | Проект на изведена состојба | 6,711,306.90 | | 1,677,826.88 | |
| | ВКУПНО МКД (без ДДВ): | **901,816,642.63** | **10,704,638.70** | **3,899,495.25** | **71,296,140.07** |
| | Реализација во % | **92,81** | **1,10** | **0,4** | **7,34** |

**Конечна пресметка**

| Изградба на магистрален гасовод Делница Блок станица 5 - Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино | | |
|---|---|---|
| ВИД НА РАБОТА | МКД | Извршено во однос на ДОГОВОРОТ % |
| **ДОГОВОРЕНА Вредност на работите (ревидирана понуда)** | **MKD 971.709.736,00** | |

| | | |
|---|---|---|
| Вредност на извршени работи по ОСНОВЕН ДОГОВОР Вкупно: | MKD 916.420.776,00 | 94,31% |
| КУСОК | MKD 55.288.959,00 | 5,69% |
| ВИШОК | MKD 71.296.140,00 | 7,34% |
| ВКУПНО ИЗВРШЕНИ РАБОТИ по ОСНОВЕН ДОГОВОР + ВИШОЦИ: | MKD 987.716.916,00 | 101,65% |
| Непредвидени работи за изградба на магистрален гасовод Делница Блок станица 5-Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино (Дислокација на систем за наводнување кај ГМРС Неготино). Договор бр:Арх.бр. на МЕР АД 05-2041/9; Арх.бр. на РАПИД БИЛД 0307-378 склучен на ден 01.04.2019 | MKD 1.441.075,00 | 0,15% |
| Непредвидени работи за Набавка, транспорт и монтажа врз бетонски столб на линиски раставувач тип PHO-24/630-400, со платформа и елементи за ракување, комплет со поврзување, вклучително и врска од металните делови до заземјувачот на столбот. Договор бр: Арх.бр. на МЕР АД 05-2042/9; Арх.бр. на РАПИД БИЛД 0307-377, склучен на ден 01.04.2019 | MKD 344,000.00 | 0,04% |
| Непредвидени работи ВКУПНО: | MKD 1.785.075,00 | 0,18% |
| ВКУПНО ИЗВРШЕНИ РАБОТИ по ОСНОВЕН ДОГОВОР + ВИШОЦИ+НЕПРЕДВИДЕНИ РАБОТИ: | MKD 989.501.991,00 | 101,83% |

## Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар

Во текот на 2019 година продолжи изградбата на магистрален гасовод Делница Скопје – Тетово - Гостивар со ГМРС Тетово и ГМРС Гостивар, која започна на 26.12.2016 година. Изградбата на наведената Делница согласно Договорот за изградба на Магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар бр. 05-89/74 склучен на 19.10.2016 година, ја изведува Група на понудувачи РАПИД БИЛД ДОО Куманово, ЕЛ-ТЕ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО, СПЕКТАРТЕРМО ДОО Скопје и КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово, застапувано од РАПИД БИЛД ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Надзор над изградбата на Магистрален гасовод Делница Скопје – Тетово -Гостивар согласно Договорот за набавка на услуги за вршење надзор над изградбата на гасоводен систем на Република Македонија – Фаза 1 Делница Неготино (Кавадарци) – Битола и Скопје-Тетово-Гостивар бр. 05-915/106 склучен на 18.10.2016 година, врши Група на понудувачи – ПРОСТОР ДОО Куманово, ГЕИНГ Кребс Унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје и ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, застапувана од ПРОСТОР ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Рокот за изградба на Магистрален гасовод Делница Скопје – Тетово – Гостивар според договорот е до декември 2019 година, а согласно член 15 став 3, доколку дојде до прекин на работите поради нерешени имотно – правни работи, инвеститорот има право да го продолжи рокот за онолку денови колку што траел прекинот или да го раскине договорот во делот од предметот кој не може да се реализира поради нерешените имотно -правни работи.

За изградбата на Делница Скопје-Тетово-Гостивар преземени се следните активности:

- Коресподенција поврзана со градбата на Делница Скопје – Тетово - Гостивар, помеѓу НЕР АД Скопје (Инвеститор), Рапид Билд ДОО Куманово – Лидер на група понудувачи (Изведувач) и Простор ДОО Куманово (Надзор), - организирање и учество на сите потребни работни состаноци со Изведувачот и Надзорот,
- посета на траса,

- разгледување на процедурите и техничките цртежи доставени од страна на Изведувачот и процесирање на забелешките од Надзорот над изградбата во однос на доставените процедури и технички цртежи,

- разгледување на целокупната документација доставена од Изведувачот која се однесува на учесници во изградбата и испорачатели на опрема и материјали и учество во нивното одобрување,

- разгледување на Известувања за планирани работи за наредниот ден и Извештаи за сработени работи за претходниот ден,

- спроведување на постапка за изготвување на проценки од страна на Биро за судски вештачења, на катастарски парцели кои се наоѓаат на трасата на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар,

- спроведување на постапка за пренамена на катастарските пацели од земјоделско во градежно земјиште за магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар.

- спроведување на постапки за експропријација на катастарските парцели кои се наоѓаат на трасата на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар.

Во 2019 година се продолжи со решавање на постапките за имотно правните работи пред надлежните органи и истите се во фаза на закажување на усни расправи заради спогодување, односно носење на решенија за експропријација. Динамиката на решавање на постапките за имотно-правните работи во оваа фаза зависи од надлежните подрачните одделенија, од изработката на проценките од страна на Бирото за судски вештачења без кои не може да се поведат постапката за решавање на имотно - правни работи, како и од динамиката на одобрување на проектите за инфраструктура во врска со измените на трасата на магистралниот гасовод за Делница Скопје-Тетово-Гостивар.

Табеларен приказ на степенот на реализација на експропријација за Лот 5:

| **Делница** | **Пратени предлози за експропријација** | **Решени предмети за експропријација** | **Предмети во постапка** | **Број на предлози што треба да се поднесат до управата** | **Неизложени парцели** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар** | 1190 | 640 | 550 | Во овој момент точен број на предлози за експропријација кои треба да се поднесат не може да се определи поради измени на дел од трасата и неизложените парцели | 42 |

Во однос на иградбата на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар, во текот на 2019 година извршени се геодетски работи и обележување, подготовка на работен појас и пристапни патишта, копање на ров и поставување на подлога, спуштање и положување на цевоводот во ров, заварување, радиографско испитување на заварени спoеви, расчистување и враќање во првобитна положба на работниот појас, градежни, електро и машинско-монтажни работи, и друго. Согласно податоците за извршување на работата и финансиската реализиција на договорот, а согласно времените ситуации прикажани во следната табела, реализацијата во 2019 година е 25,1 %, а вкупната реализација на градбата од самиот почеток е околу 56,91 %.. **Вредноста по договорот без ДДВ изнесува 1.782.270.000,00 денари**.

**Табела за реализација по квартали во 2019 година (согласно времени ситуации):**

| Р. бр | Опис | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Декември 2018 | Вредност на извршени работи во прв Квартал 2019 | Вредност на извршени работи во втор Квартал 2019 | Вредност на извршени работи во трет Квартал 2019 | Вредност на извршени работи во четвтри Квартал 2019 | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Декемви 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | МКД | МКД | МКД | МКД | МКД | МКД |
| 1 | ЛИНИСКИ - ГРАДЕЖНО СКОПЈЕ-ГОСТИВАР | 217,467,016.36 | 34,270,190.54 | 33,066,127.77 | 51,252,240.22 | 9,537,943.56 | 345,593,518.4 |
| 2 | ЛИНИСКИ - МАШИНСТВО СКОПЈЕ-ГОСТИВАР | 303,722,712.43 | 12,389,004.60 | 12,482,202.49 | 92,460,876.95 | 160,827,608.5 1 | 581,882,405.0 |
| 3 | КАТОДНА ЗАШТИТА | 824,478.80 | | | | | 824,478.80 |
| 4 | ЛИНИСКИ ОПТИКА | 2,696,705.03 | 475,828.40 | 78,014.00 | 579,853.40 | 988,751.45 | 4,819,152.28 |
| 5 | ПОЈДОВНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА СКОПЈЕ - ЕЛЕКТРО | | | | | | |
| 6 | ПОЈДОВНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА СКОПЈЕ - МАШИНСТВО | 2.591.025 | | | | | 2,591,025.39 |
| 7 | ГМРС ГОСТИВАР ГРАДЕЖЕН | | | | | | |
| 8 | ГМРС ГОСТИВАР ЕЛЕКТРО | | | | | | |
| 9 | ГМРС ГОСТИВАР МАШИНСТВО | 51.065 | | 161,961.23 | | | 213,027.19 |
| 10 | СТОЛБНА ТРАФОСТАНИЦА | | | 11,830,617.63 | | | 11,830,617.63 |
| 11 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК БРЊАРЦИ | | | | | | |
| 12 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ГЛУМОВО | | | | | | |
| 13 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК АРНАКИЈА | | | | | | |
| 14 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК МИЛЕТИНО | | | | | | |
| 15 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ТЕТОВО 1 | | | | | | |
| 16 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК БС ГОСТИВАР | | | | | | |
| 17 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ГМРС ГОСТИВАР | | | | | | |
| 18 | БС 15 ЕЛЕКТРО | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | БС 16 ЕЛЕКТРО | | | | | | |
| 20 | БС 17 ЕЛЕКТРО | | | | | | |
| 21 | БС 18 ЕЛЕКТРО | | | | | | |
| 22 | БС ГОСТИВАР ЕЛЕКТРО | | | | | | |
| 23 | БС ТЕТОВО ЕЛЕКТРО | | | | | | |
| 24 | ЛИНИСКИ - ГРАДЕЖНО ТЕТОВО | 19,307,295.43 | 3,265,537.03 | | | 967,248.39 | 23,540,080.84 |
| 25 | ЛИНИСКИ - МАШИНСТВО ТЕТОВО | 20,286,920.34 | | | | 7,618,490.84 | 27,905,411.19 |
| 26 | ГМРС ТЕТОВО ГРАДЕЖЕН | | | | | | |
| 27 | ГМРС ТЕТОВО ЕЛЕКТРО | | | 165,002.77 | | | 165,002.77 |
| 28 | ГМРС ТЕТОВО МАШИНСТВО | | | 14,878,827.78 | | | 14,878,827.78 |
| 29 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ТЕТОВО 2 | | | | | | |
| 30 | БС ТЕТОВО2 ЕЛЕКТРО | | | | | | |
| 31 | ПРОЕКТ НА ИЗВЕДЕНА СОСТОЈБА | | | | | | |
| | ВКУПНО МКД (без ДДВ): | **566,947,219.74** | **50,400,560.57** | **72,662,753.68** | **144,292,970.5** | **179,940,042.7** | **1,014,243,547.31** |
| | Реализација во % | **31,81** | **2,82** | **4,08** | **8,10** | **10,10** | **56,91** |

Во четвртиот квартал од 2019 година односно заклучно со ноември 2019 година склучен е "Анекс бр.4 кон договорот склучен на ден 23.12.2019 заверен со арх.бр.на НЕР АД 05-5121/4 и арх.бр. на Рапид Билд ДОО 0307-05-1535", кој се однесува на уредување на вишоците на работи и нивната вредност кои се јавиле во текот на реализација на Договорот за изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар заклучно со ноември 2019 година, а кои претставуваат надминување на количините на дел од ставките од предмер пресметката пресметани според единечните цени од Ревидираната понуда од Носителот на набавката - Изведувач, согласно времената ситуација за вишоци изведени заклучно со ноември 2019 година изготвена од страна на изведувачот и потврдена од страна на Надзорот.

Вредноста на вишоците настанати при изведување на работите, согласно времената ситуација за вишоци изведени заклучно со ноември 2019 година изнесува 63.017.277,00 денари без данок на додадена вредност, односно изразено во проценти е 3,5% од вкупната вредност на договорот.

**Табеларен приказ на вишоци по позиции:**

| Р. број | Опис | ВРЕДНОСТ на ВИШОЦИ заклучно со Ноември 2019 |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | ЛИНИСКИ - ГРАДЕЖНО СКОПЈЕ-ГОСТИВАР | 32,448,830.73 |
| 2 | ЛИНИСКИ - МАШИНСТВО СКОПЈЕ-ГОСТИВАР | 13,981,260.51 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | КАТОДНА ЗАШТИТА | |
| 4 | ЛИНИСКИ ОПТИКА | |
| 5 | ПОЈДОВНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА СКОПЈЕ -ЕЛЕКТРО | |
| 6 | ПОЈДОВНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА СКОПЈЕ -МАШИНСТВО | |
| 7 | ГМРС ГОСТИВАР ГРАДЕЖЕН | |
| 8 | ГМРС ГОСТИВАР ЕЛЕКТРО | |
| 9 | ГМРС ГОСТИВАР МАШИНСТВО | |
| 10 | СТОЛБНА ТРАФОСТАНИЦА | |
| 11 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК БРЊАРЦИ | |
| 12 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ГЛУМОВО | |
| 13 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК АРНАКИЈА | |
| 14 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК МИЛЕТИНО | |
| 15 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ТЕТОВО 1 | |
| 16 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК БС ГОСТИВАР | |
| 17 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ГМРС ГОСТИВАР | |
| 18 | БС 15 ЕЛЕКТРО | |
| 19 | БС 16 ЕЛЕКТРО | |
| 20 | БС 17 ЕЛЕКТРО | |
| 21 | БС 18 ЕЛЕКТРО | |
| 22 | БС ГОСТИВАР ЕЛЕКТРО | |
| 23 | БС ТЕТОВО ЕЛЕКТРО | |
| 24 | ЛИНИСКИ - ГРАДЕЖНО ТЕТОВО | 16,496,110.43 |
| 25 | ЛИНИСКИ - МАШИНСТВО ТЕТОВО | 91,075.42 |
| 26 | ГМРС ТЕТОВО ГРАДЕЖЕН | |
| 27 | ГМРС ТЕТОВО ЕЛЕКТРО | |
| 28 | ГМРС ТЕТОВО МАШИНСТВО | |
| 29 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ТЕТОВО 2 | |
| 30 | БС ТЕТОВО2 ЕЛЕКТРО | |
| 31 | ПРОЕКТ НА ИЗВЕДЕНА СОСТОЈБА | |
| | ВКУПНО МКД (без ДДВ): | **63,017,277.09** |
| | Реализација во % | **3,5** |

Од страна на Изведувачот доставен е Динамичкиот план за реализација на изградбата по месеци како и Финансовиот план-Распределба на парични средства на месечно ниво (износи без ДДВ). Согласно Финансовиот план во следната табела е прикажана Планираната реализација по квартали во 2019, планирано е да изнесува 48,27 %, а во 2019 е реализирано 25,1 %.

**Табела Планирана реализација по квартали во 2019 година (согласно Финансовиот план доставен од изведувачот)**

| Р. број | Опис | Вредност на планирани работи во прв Квартал 2019 | Вредност на планирани работи во втор Квартал 2019 | Вредност на планирани работи во трет Квартал 2019 | Вредност на планирани работи во четврти Квартал 2019 |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | МКД | МКД | МКД | МКД |
| ВКУПНО МКД (без ДДВ): | | 40,059,118.285 | 189,513,845.043 | 497,339,582.246 | 133,248,452.264 |
| Реализација во % | | 2,25 | 10,63 | 27.91 | 7,48 |

Разликата од реализацијата во 2019 година од 25,1 %, и планираната од 48,27 % во 2019 година, се должи на потребата за измени во тек на градба и на самата постапка која согласно Законот за градење трае минимум 6 месеци за добивање на потврда за одобрување на инфраструктурен проект од надлежниот орган, како и на одредени пролонгирања при решавањето на имотно- правни работи, од причина што завршувањето на постапките поврзани со измените во тек на градба се услов за да може да започне со решавање на имотно-правните работи.

**Изградба на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола**

Во текот на 2019 година продолжи изградбата на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола со ГМРС Прилеп, ГМРС Битола и ГМРС Фени, која започна на 17.02.2017 година. Изградбата на наведената Делница согласно Договорот за изградба на Магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола со ГМРС Прилеп, ГМРС Битола и ГМРС Фени бр.05-412/119 склучен на 21.10.2016 година, ја изведува Група на понудувачи ГРАНИТ АД - Скопје и РАПИД БИЛД ДОО Куманово, застапувано од ГРАНИТ АД - Скопје како лидер на групата на понудувачи.

Надзор над изградбата на Магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола согласно Договорот за набавка на услуги за вршење надзор над изградбата на гасоводен систем на Република Македонија – Фаза 1 Делница Неготино (Кавадарци) – Битола и Скопје-Тетово- Гостивар бр. 05-915/106 склучен на 18.10.2016 година, врши Група на понудувачи – ПРОСТОР ДОО Куманово, ГЕИНГ Кребс Унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје и ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, застапувана од ПРОСТОР ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Рокот за изградба на Магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола според договорот е до февруари 2020 година, а согласно член 15 став 3, доколку дојде до прекин на работите поради нерешени имотно – правни работи, инвеститорот има право да го продолжи рокот за онолку денови колку што траел прекинот или да го раскине договорот во делот од предметот кој не може да се реализира поради нерешените имотно – правни работи.

За изградбата на Делница Неготино (Кавадарци) – Битола преземени се следните активности:

- Коресподенција поврзана со градбата на Делница Неготино (Кавадарци) – Битола, помеѓу НЕР АД Скопје (Инвеститор), ГРАНИТ АД - Скопје - лидер на групата на понудувачи (Изведувач) и Простор ДОО Куманово (Надзор),
- организирање и учество на сите потребни работни состаноци со Изведувачот и Надзорот,
- посета на траса,

- спроведување на постапки за решавање на имотно правни работи за Делница Неготино (Кавадарци) – Битола на катастарските парцели кои се наоѓаат на измени на трасата на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола, кои измени се во фаза на одобрување пред надлежен орган,

- спроведување на постапка за изготвување на процени од страна на Биро за судски вештачења, на катастарски парцели кои се наоѓаат на трасата на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола,

- спроведување на постапка за пренамена на земјоделско во градежно земјиште за на катастарски парцели кои се наоѓаат на измени на трасата на магистралниот гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола, и

- спроведување на постапка за пренамена на шумско во градежно неизградено земјиште за магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола.

Динамиката на решавање на постапките за имотно-правните работи во оваа фаза зависи од надлежните подрачните одделенија, од изработката на проценки од страна на Бирото за судски вештачења без кои не може да се поведат постапката за решавање на имотно - правни работи, како и од динамиката на одобрување на проектите за инфраструктура во врска со измените на трасата на магистралниот гасовод Делница Неготино (Кавадарци) – Битола.

Табеларен приказ на степенот на реализација на експропријација за Лот 2:

| **Делница** | **Пратени предлози за експропријација** | **Решени предмети за експропријација** | **Предмети во постапка** | **Број на предлози што треба да се поднесат до управата** | **Неизложени парцели** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Делница 2: Неготино (Кавадарци) - Битола** | 1570 | 1544 | 26 | Во овој момент точен број на предлози за експропријација кои треба да се поднесат не може да се определи поради измени на дел од трасата и неизложените парцели | 48 |

Во однос на изградбата на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) - Битола, во текот на 2019 година извршени се следните активности: расчистување на работен појас за изградба на гасоводот, ископ на ров, премини преку сообраќајници, припрема на делница за хидротест и испитување на делницата и др. Согласно податоците за извршување на работата и финансиската реализиција на договорот, а согласно

времените ситуации прикажани во следната табела, реализацијата во 2019 година е 48,79 %, , а вкупната реализација на градбата од самиот почеток е околу 80,75 %. **Вредноста по договорот без ДДВ изнесува 2.239.000.000,00 денари**

**Табела за реализација по квартали во 2019 година (согласно времени ситуации)**

| Р. број | Опис | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Декември 2018 | Вредност на извршени работи во прв Квартал 2019 | Вредност на извршени работи во втор Квартал 2019 | Вредност на извршени работи во трет Квартал 2019 | Вредност на извршени работи во четврт Квартал 2019 | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со Декември 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | МКД | МКД | МКД | МКД | МКД |
| 1 | Проектирање | | | 7,915,796.32 | | 7,915,796.32 | 15,831,592.63 |
| 2 | Опрема и материјали | 348,460,255.92 | 152,934,451.05 | 81,267,233.66 | 84,915,426.34 | 4,107,140.90 | 671,684,507.87 |
| 3 | Изградба и испитување на линиски дел | 367,236,723.24 | 139,331,603.13 | 236,592,468.53 | 225,128,274.25 | 152,300,816.54 | 1,120,589,885.70 |
| 4 | Изградба и испитување на Блок Станици, Приемно чистачка станица | | | | | | |
| 5 | Изградба и испитување на Главно Мерно Регулациони Станици (ГМРС) | | | | | | |
| ВКУПНО МКД (без ДДВ): | | **715,696,979.16** | **292,266,054.00** | **325,775,499.00** | **310,043,700.00** | **164,323,754.00** | **1,808,105,986.20** |
| Реализација во % | | 31,96 | **13,05** | **14,55** | **13,85** | **7,34** | **80,75** |

Од страна на Изведувачот доставен е Динамичкиот план за реализација на изградбата по месеци како и Финансовиот план-Распределба на парични средства на месечно ниво (износи без ДДВ). Согласно Финансовиот план во следната табела е прикажана Планираната реализација по квартали во 2019, реализацијата во 2019 година планирано е да изнесува 40,4 %.

**Табела: Планирана реализација по квартали во 2019 година (согласно Финансовиот план доставен од изведувачот):**

| Р. број | Опис | Вредност на планирани работи во прв Квартал 2019 | Вредност на планирани работи во втор Квартал 2019 | Вредност на планирани работи во трет Квартал 2019 | Вредност на планирани работи во четвтри Квартал 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | МКД | МКД | МКД | МКД |
| ВКУПНО МКД (без ДДВ): | | **290,068,060.000** | **336,335,054.070** | **190,685,861.000** | **221,416,761.060** |
| Реализација во % | | **12.96** | **15,03** | **8,52** | **3,89** |

Од предложената Планираната реализација по квартали во 2019 од околу 40,4 %, може да се забележи дека вкупната реализацијата во 2019 година по квартали е 48,79 %, т.е разликата од планираната до реализираната е 8,34 % во однос на реализираната вредност.

## Кадрова политика на НЕР АД Скопје

НЕР АД Скопје 2019 година ја започна со 23 вработени кои ги извршуваа своите работни обврски согласно Програмата за работа на друштвото, тековните активности, исполнување на укажувањата, насоките и обврските дадени од акционерот.

НЕР АД Скопје во текот на 2019 година заснова работен однос на неопределено време со 1 извршител на следното работно место: „Економист – комерцијалист" во Сектор за економско-финансиски работи.

Структурата на вработени во НЕР АД Скопје според степенот на образование е прикажана во Табела 1:

Табела.1 - Структурата на вработените во НЕР АД Скопје со состојба на 31.12.2019( г.

| Степен на образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 20 |
| Средно образование | 4 |
| Основно образование | / |
| Вкупно | 24 |

Во насока на стручно доусовршување на вработените, а во согласност со потребите и планираните активности на Друштвото, НЕР АД Скопје овозможи следење на семинари, обуки и учество на работилници.

## Активности во врска со корпоративното работење на Одборот на директори

Одборот на директори на НЕР АД Скопје е составен од 3 (три) членови, од кои 1 е извршен член и 2 неизвршни членови, од кои 1 е независен член.

Извршен член на Одборот на дирекетори и Извршен директор на НЕР АД Скопје е Бајрам Реџепи, а Неизвршни членови на Одборот на директори на НЕР АД Скопје се Дејан Цветаноски – неизвршен член на Одборот на директори и Александра Маројевиќ – неизвршен независен член и Претседател на Одборот на директори до ноември 2019 гoодина.

Со одлука за отповикување и избор на член на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, бр.24-8700/1 од 29.10.2019 година, Александра Маројевиќ се отповикува од должноста независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, а Ивана Ралповска се избира за независен

неизвршен член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, констатирано со Записник од Собрание на акционери ОДУ бр.175/19 од 29.10.2019 година составен и заверен од Нотар Билјана Пецовска. После донесувањето на наведената одлука, донесена е уште една одлука за отповикување и избор на член на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, бр.24-9167/1 од 12.11.2019 година, со која Ивана Ралповска се отповикува од должноста независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, а Марко Ѓоргиевски се избира за независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, констатирано со Записник од Собрание на акционери ОДУ бр.180/19 од 12.11.2019 година составен и заверен од Нотар Билјана Пецовска. Марко Ѓоргиевски е избран за Претседател на Одборот на директори со одлука донесена на 34-тата Седница на Одборот на директори одржана на 28.11.2019 година.

Во 2019 година одржани се вкупно 16 седници на Одборот на директори на НЕР АД Скопје на кои се донесени Одлуките, Записниците, Актите и дополнителните материјали поврзани со самите седници. Работата на Одборот на директори е организирана во соработка со Секторот за правни и општи работи.

Во 2019 година од страна на Одборот на директори донесени се позначајни одлуки како:

- Одлука за свикување на Собрание на акционери за зголемување на основна главнина – седма емисија,

- Одлука за ЈН на работи - Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар (сеча на шума),
- Одлука за ЈН на работи - Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар (ерозивни бариери),
- Одлука за Свикување на Собрание на акционери со Предлог-Одлука за измена на Статут на МЕР АД Скопје заради промена на називите и промена на основачките акти согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII и XXXVI,
- Одлука за усвојување на Правилник за одржување и контрола на магистрален гасовод,
- Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.4 кон Договор за Изградба на магистрален гасовод Делница Блок станица 5-Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино,
- Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.5 кон Договор за Изградба на магистрален гасовод Делница Блок станица 5-Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино,
- Одлука за јавна набавка на услуги – Изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект за Делница „Свети Николе-Велес“,
- Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.3 кон Договор за Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар,

- Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.3 кон Договор за Изградба на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци)-Битола,
- Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.1 кон Договорот за јавна набавка на работи - непредвидени работи за изградба на магистрален гасовод делница Скопје-Тетово-Гостивар (ерозивни бариери),
- Одлука за свикување на Годишно собрание на акционери, при што се изготвени и соодветните Предлог-Одлуки,
- Одлука за исплата на регрес за користење годишен одмор за 2019 година,
- Одлуки за задолжување, давање согласност за заложување на наменски депозит и склучување на договори за владетелски залог (за банкарски гаранции за експропријација),
- Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.4 кон Договор за Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар,
- Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.5 кон Договор за Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар,
- Одлуки за изменување и дополнување на Финасиски план за работата за 2019 година, на Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2019 година, на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година,
- Одлуки за јавни набавки.

Извршниот член на Одборот на директори Бајрам Реџепи, учествуваше во работењето и одлучувањето на сите седници на Одборот на директори одржани во текот на 2019 година, односно од 25-тата до 40-тата седница.

Неизвршниот член на Одборот на директори Дејан Цветаноски учествуваше во работењето и одлучувањето на сите седници на Одборот на директори одржани во текот на 2019 година, односно од 25-тата до 40-тата седница.

Неизвршниот и независен член и Претседател на Одборот на директори Александра Маројевиќ учествуваше во работењето и одлучувањето на сите седници на Одборот на директори одржани за време на мандатот до отповикувањето во текот на 2019 година, односно од 25-тата до 33-тата седница.

Неизвршниот и независен член и Претседател на Одборот на директори Марко Ѓоргиевски, започнувајќи од неговото назначување, учествуваше во работењето и одлучувањето на сите одржани седници на Одборот на директори во текот на 2019 година, односно од 34-тата до 40-тата седница.

Во продолжение се прикажани податоци за членовите на Одборот на директори на НЕР АД Скопје во однос на примањата во други друштва доколку членуваат во органи на управување на други друштва и податоци за вработувања за членовите на Одборот на директори на НЕР АД Скопје кај други работодавачи за времетраење на нивниот мандат во текот на 2019 година:

- Претседателот и неизвршен независен член на Одборот на директори Марко Ѓоргиевски бил член на Управен одбор на Паркинзи на општина Центар ЈП Скопје со дејност услужни дејности поврзани со копнениот превоз, со месечни примања во износ 7.000,00 од денари и бил вработен во ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје со дејност друго монетарно посредување, со месечна плата во нето износ од 42.000,00 денари.
- Претседателот и неизвршен независен член на Одборот на директори Александра Маројевиќ била член и Претседател на Управен одбор со засновање на работен однос во Акционерско друштво за енергетски дејности ГРАДСКИ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ – СКОПЈЕ со приоритетна дејност снабдување со пареа и климатизација,

поради што истовремено има статус и на вработена во истото трговско друштво со месечна плата во нето износ од 78.000,00 денари.
- Неизвршниот член на Одборот на директори Дејан Цветаноски не членувал во органи на управување во други друштва, а бил вработен во ДЕАДОР 2012 ДООЕЛ Охрид со дејност производство, трговија и услуги со месечна плата во нето износ од 21.000,00 денари.
- Извршниот член на Одборот на директори Бајрам Реџепи не членувал во органи на управување во други друштва и не бил вработен кај други работодавачи.

## Меѓународни проекти за регионално гасно поврзување

Во текот на 2019 година се продолжи со реализација на обврските во рамките на Иницијативата за гасно поврзување на Централна и на Југоисточна Европа (CESEC) која има за цел унапредување на диверзификацијата на снабдувањето со природен гас и обезбедување на сигурноста во снабдувањето на регионот кое треба да се случи по пат на унапредување на регионалната инфраструктура и подобрување на интеграцијата на пазарите, преку заедничко ангажирање на сите земји-членки на ЕУ и на договорните страни на Енергетската заедница.

За таа цел, НЕР АД Скопје во своите планови ги вклучи сите потребни активности за гасно повтрзување со соседните држави.

- Интерконекција Македонија – Грција
- Интерконекција Македонија – Косово
- Интерконекција Македонија – Србија
- Интерконекција Македонија – Албанија
- Интерконекција Македонија – Бугарија

### ➢ Интерконекција МК-ГР

Со цел изградба на интерконективниот вод за пренос на природен гас помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција, МЕР АД Скопје и ДЕСФА С.А. - Операторот на системот за пренос на природен гас во Грција ги преземаа наведените активности и иницијативи за реализација на Проектот во 2019 година, како што се:

- Потпишување на Анекс на Меморандумот разбирање во април 2019 година со кој се прецизираа одредени детали околу соработката меѓу двете страни;

- Физибилити студијата беше изработена од страна ДЕСФА С.А. и НЕР АД Скопје во јануари 2019 година и истата е доставена до ЕИБ;

- Поднесено е Барање за техничка помош (100% грант) за изработка на Студија за оцена на Проектот за влијанието врз животната средина, Кост бенефит анализа и Основен проект беше доставено до Конекта (CONNECTA - Техничка помош за поврзување на Западен Балкан). Апликацијата е одобрена во јануари 2019 година и во истата година отпочната реализација.

- Доставена е Проектна апликација на четвртиот отворен повик за кофинансирање на инфраструктурни проекти во рамките на ИПА инструментот Западен Балкан Инвестициска рамка, ноември 2018 година и ажурирање на истите, април 2019 година.

Апликацијата за Инвестициски грант (20% од вредноста на изградбата на Проектот) доби позитивен статус во фаза на скрининг и конечната позитивна одлука беше донесена во декември 2019 година.

Во рамките на Инвестицискиот грант побарана е и Техничка помош (100% грант) за Надзор, Инспекциско тело, Менаџмент и сл. и истиот е одобрен

Исто така во 2019 година Проектот беше аплициран за Листата на проекти од заеднички интерес (PMI проекти) на Енергетската заедница.

- **Интерконекција МК-КО**

**Страни**: НЕР АД Скопје и Министерство за економски развој на Косово

- Потпишување на Меморандумот за разбирање, февруари 2019 година

- Доставено е Писмо со барање за изразување на интерес за финансирање на Проектот до ЕБОР. Во почетокот на 2019 година ЕБОР достави позитивен одговор по ова барање и воедно стана банка поддрша за реализација на овој проект;

- Доставена е Проектна апликација по 21-виот отворен повик за техничка помош за изработка на Физибилити студија и Студија за оценка на влијанието врз животната средина во рамките на ИПА инструментот Инвестициска рамка на Западен Балкан, ноември 2018 и ажурирање на истата април 2019 година. Апликацијата за техничка помош е одобрена во јули 2019 година; Изработен е ТоР-от (Terms of Reference). Се очекува Физибилити студија и Студија за оценка на влијанието врз животната средина да отпочне да се изработува во 2020 год.

Преземени се и многу други активности за побрза и соодветна реализација, како и секојдневни контакти и средби со сите инволвирани страни во проектотите за интерконективно поврзување на Македонија со соседните држави.

**Реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година и спроведување на постапки за јавни набавки во 2019 година**

Набавките за потребите на Друштвото се спроведени согласно Годишниот план за јавни набавки за 2019 година, а постапките се врз основа на основните начела од одредбите на Законот за јавните набавки, притоа обезбедувајќи конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

НЕР АД Скопје во 2019 година спроведе вкупно 5 (пет) постапки за доделување на договор за јавна набавка.

Со спроведување на постапка со прибрање на понуди до 5.000 евра согласно Законот за јавните набавки, во тековната година се спроведе следнава постапка:

- Набавка на стоки – Набавка на гориво за службени возила

Од 01.04.2019 година почна да се применува новиот Закон за Јавни Набавки и согласно него се спроведоа следниве постапки и тоа:

Со примена на набавка од мала вредост:

-Мобилни телекомуникациски услуги за период од 2(две) години;

-Ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2019 година;

Со примена на отворена постапка:

- Ангажирање на фирма за заполнување со природен гас на магистрален гасовод Делница 1 „Клечовце – Неготино“.

- Испитување прв технички преглед пред ставање во употреба на магистрален гасовод за електро работи и катодна заштита за Делница “Клечовце-Неготино“, Делница „Неготино (Кавадарци) – Битола“ и Делница „Скопје – Тетово – Гостивар“

Во одредени случаи поради итноста и неопходноста произлезена од работењето дел од набавките беа набавени спроведени согласно Процедура за реализација на набавките под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки во МЕР АД Скопје.

Водејќи сметка за совесно и одговорно работење, како и рационално искористување на расположливите средства на Друштвото, а особено заради избегнување на трошоците, согласно околностите во текот на своето работење во 2019 година и степенот на реализација на Годишната Програма и План за работа за 2019 година, склучени се 3 (три) договори за јавни набавки, а некои од набавките кои беа предвидени во Годишниот план за јавни набавки за 2019 година и за кои беа донесени одлуки, а не беа неопходни, не се реализираа.

При реализацијата на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година, вршени се консултации со Бирото за јавни набавки по однос на конкретни прашања и дилеми при спроведување на постапки за доделување на договори за јавни набавки.

**Доставување на материјали до Владата на Република Северна Македонија**

НЕР АД Скопје во текот на 2019 година пристапи кон изработка и доставување на Информации до Владата на Република Македонија, следење на текот на постапките се до донесување на одлуките или заклучоците, како и постапување по однос на мислењата и забелешките по предметните Информации. До Владата беа поднесени Информации поврзани со тековното работење на НЕР АД Скопје, реализацијата на проектите за изградба на магистрални гасоводи во Република Македонија, како и по однос на постапки и обврски кои се однесуваат на Собрание на акционери и Годишно собрание на акционери. Во врска со поднесените Информации, Владата на Република Македонија донесе соодветни Заклучоци и Одлуки.

## Зголемување на основната главнина

Во текот на 2019 година врз основа на Одлуката на Одборот на директори бр.02-628/7 од 31.01.2019 година се покрена постапка за зголемување на основната главнина. Владата во својство на Собрание на акционери на Друштвото на седницата одржана на 05.02.2019 година донесе Одлука за зголемување на основната главнина со влогови преку издавање на нови акции од седма емисија по пат на приватна понуда, бр.45-990/1 од 05.02.2019 година, објавена во Службен весник на Република Македонија бр.29 од 05.02.2019 година.

Согласно член 27 став (1) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), МЕР АД Скопје до Комисијата за хартии од вредност на ден 28.02.2019 година достави Барање за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност. Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето на МЕР АД Скопје на седницата одржана на ден 15.03.2019 година донесе Решение за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда, УП 1 Број 10-12 од 15.03.2019 година, кое стана конечно на 21.03.2019 година. Понатаму, МЕР АД Скопје на 22.03.2019 година во дневниот весник Нова Македонија објави Соопштение за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда.

Седмата емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда заврши на 05.04.2019 година, при што од понудени 8.925 обични акции, продадени се 8.114 обични акции, во вкупен износ од 811.400.00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија објавен на денот пред денот на донесување на одлуката за зголемување на основната главнина, со што продажбата е реализирана со процент на реализација од 90,91%. По завршувањето на седмата емисија на хартии од вредност, МЕР АД Скопје до Комисијата за хартии од вредност достави Известување за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда и истото е обавено во дневниот весник Нова Македонија на 09.04.2019 година.

По реализацијата на седмата емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда, одобрена со Решение од Комисијата за хартии од вредност УП 1 Број 10-12 од 15.03.2019 година, Владата на Република Северна Македонија во својство на единствен акционер во Друштвото поседува вкупно 81.830 обични акции со номинална вредност од 100 EUR издадени од МЕР АД Скопје, а основната главнина изнесува 8.180.000 EUR.

## Други детални активности на НЕР АД Скопје во текот на 2019 година

Во своето работење во текот на 2019 година, НЕР АД Скопје, покрај наведеното, ги превзема и следниве дејствија и активности:

- Книжење и евиденција на сметководствените и други документи,
- Изработка на даночна пријава на данокот на додадена вредност,
- Изработка на барања за исплата на обврски кон крајни изведувачи за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија – фаза 1 – Делница Штип - Неготино- Битола и Делница Скопје – Тетово – Гостивар" за 2019 година,
- Изработка и исплата на плата и надоместоци,
- Следење и анализа на закони и нивни измени и дополнувања од областа на работењето на Друштвото,
- Застапување во постапките за надомест на штета пред основниот суд Неготино и Кавадарци во однос на Делницата Блок станица 5-Неготино,

- Организирање и спроведување на кадровото работење,
- Архивирање на целокупната примена и пратена документација од НЕР АД Скопје, како и спроведување на истата до организационите единици во Друштвото,
- Изготвување на извештаи, барања, мислења, пресметки и други документи поврзани со работењето на Друштвото,
- Изготвување и спроведување на постапките за јавни набавки на НЕР АД Скопје согласно дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година,
- Следење на склучени договори за јавни набавки,
- Вршење на попис на средствата на Друштвото со состојба до ден 31.12.2019 година,
- Водење на кореспонденција со домашни и странски институции со кои соработува Друштвото,
- Следење на активности, настани поврзани со проектите на Друштвото кои што се вклучени во Листата на проекти од интерес на Енергетската Заедница и Листата на проекти од заеднички интерес (PECI и PMI проекти),
- Следење на Е-урбанизам и достава на податоци и информации.

**Изработка на Програма, План и други акти потребни за работењето на НЕР АД Скопје во 2020 година**

Кон крајот на 2019 година НЕР АД Скопје пристапи кон изработка на Програма за работа на МЕР АД Скопје за 2020 година, Финансиски план на МЕР АД Скопје за 2020 година и Годишна инвестициона програма на МЕР АД Скопје за 2020 година.

При изработката на наведените акти најпрво се направи детална анализа на активностите кои Друштвото треба да ги преземе во 2020 година, а притоа земајќи ги во предвид насоките и динамиките дадени од Влада за реализација на Проектот за изградбата на националниот гасоводен систем и во однос на други прашања. Потоа, се пристапи кон утврдување на потребни ресурси и мерки за спроведување на активностите.

Програмата за работа на МЕР АД Скопје за 2020 година, Финансискиот план на МЕР АД Скопје за 2020 година и Годишната инвестициона програма на МЕР АД Скопје за 2020 година согласно согласно закоските прописи беа усвоени од одборот на директори до крајот на 2019 година.

**Материјално-финансиско работење на НЕР АД Скопје во 2019**

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за 2019 година

на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

Согласно евидентираните сметководствени податоци Секторот за економско - финансиски работи на НЕР АД Скопје ги изработи следните финансиски извештаи за период од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година :

1. Преглед на значајни сметководствени политики;
2. Сметководствен третман на средствата за изградба на инфраструктурен Проект, магистрален гасовод Делница „Клечовце-Блок станица 5" и сметководствен третман на средствата за изградба на инфраструктурен Проект, магистрален гасовод, Делница „Блок-станица 5 - Неготино", Делница „Неготино (Кавадарци) - Битола" и Делница „Скопје - Тетово - Гостивар";
3. Биланс на успех на 31 декември 2019 година ;
4. Биланс на состојба на 31 декември 2019 година;
5. Извештај за промените во капиталот на 31 декември 2019 година;
6. Извештај за паричните текови на 31 декември 2019 година;
7. Расходи на 31 декември 2019 година;
8. Белешки кон финансиските извештаи на 31 декември 2019 година;

### 1.Преглед на значајни сметководствени политики

### 1.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извешати во согласност со одредбите на членот 469, став 6 од Законот за трговски друштва на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 177/2008, 17/2009, 42/2010, 48/2010, 169/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2014, 119/2014, 120/2014, 187/2014, 38/2015, 41/2015, 138/2015, 192/2015, 06/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018 и 120/2018) и Правилникот за водење сметководство („Службен весник на Република Македонија" бр.159/2009, 164/2010 и 107/2011). Според овој Правилник, сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) од 2009 година утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСБ).

Финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски Денари.

Во продолжение се наведени значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година.

### 1.2 Признавање на приходите

Приходот се признава кога станува веројатно дека итни економски користи ќе влезат во Друштвото и овие користи можат да бидат соодветно измерени. Приходите од продажба

се прикажуваат според фактурната вредност, нето од одобрените попусти и данокот на додадена вредност.

## 1.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Нето позитивни и негативни курсни разлики се вклучени во Извештајот за сеопфатна добивка во периодот кога настанале. Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Извештајот за финансиска позиција.

## 1.4 Данок на добивка

***Тековен данок на добивка***

Во согласност со измените во Законот за данок на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18, 158/19, 232/19 и 275/19) и Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојно оданочување, што ќе се применува на годишната сметка за 2019 година, данокот се плаќа на вкупната добивка остварена во Извештајот за сеопфатна добивка, како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи, зголемени за непризнаени расходи и даночни ослободувања утврдени со Законот.

***Одложен данок на добивка***

Одложен данок на добивка се утврдува со примена на методот на обврски во билансот на состојба за сите времени разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во финансиските извештаи. Стапката на данок на добивка на денот на билансот на состојба се употребува за утврдување на одложените даночни средства и обврски. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочиви времени разлики. Одложени даночни средства се признаваат за одбитните времени разлики и ефектите од даночните загуби се пренесуваат во обем во кој што постои веројатност дека ќе се оствари оданочива добивка со цел да се овозможи одбитните времени разлики и пренесените даночни загуби да бидат искористени.

***Данок на додадена вредност***

Данокот на додадена вредност се утврдува согласно Законот за данок на додадена вредност каде предмет на оданочување со данок на додадена вредност е: прометот на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночен обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и увозот на добра. Данокот на додадена вредност се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки и тоа:

- Општа даночна стапка од 18% и
- Повластена даночна стапка од 5%.

Период на поднесување на даночна пријава за Данок на додадена вредност на Друштвото е тримесечно. Рокот за поднесување на даночната пријава за Данок на додадена вредност е 25 дена по истекот на даночниот период, а плаќањето е во рок од 15 дена по денот на приемот на решението за утврдување на данокот.

## 1.5 Недвижности, постројки и опрема

***Иницијално признавање***

Трошокот на ставките на основните средства се состои од набавна вредност, вклучувајќи царини и даноци што не се одбиваат, по одбивање на дисконти и рабати и други трошоци кои директно се додаваат, односно го носат средството на локацијата и во кондиција потребна за да биде користено онака како што одлучило раководството.
Опремата и возилата се признаваат по набавна вредност која вклучува цена, даноци што не се одбиваат и други трошоци кои директно се припишуваат во доведување на средството на саканата локација и кондиција потребна за обавување на оперативните цели.

Книговодствената вредност на основните средства е предмет на разгледување за случај на оштетувања кога одредени настани или промени на околностите укажуваат дека книговодствената вредност не може да биде надокнадена.

Доколку постојат вакви индиции, односно сметководствената вредност го надминува проценетиот надоместувачки износ на средствата им се намалува нивната вредност до нивниот надоместувачки износ.

Депрецијацијата се признава со примена на праволиниска стапка на амортизација за време на корисниот век на употреба на средството.

Во продолжение се дадени годишни стапки за депрецијација, применети на некои позначајни ставки од опремата:

| | |
|---|---|
| Мебел и деловен инвентар | 20 % |
| Компјутери и компјутерска опрема | 25 % |

На материјалните вложувања во изградба, до моментот на ставање на истите во употреба, не се пресметува депрецијација.

***Материјални средства во подготовка***

Материјалните средства во подготовка на Друштвото се однесуваат експлицитно на изградба на гасоводот за потреби на Република Македонија (Проект за гасификација на Република Македонија). Во согласност со МСС 16.17 и сметководствените политики на Друштвото, иницијално се признаваат: трошоците за подготовка на локацијата низ која се движи гасоводот, првични трошоци за испорака и манипулирање, ревидирани градежни ситуации, трошоци за инсталирање и монтирање, трошоци за тестирање (ревизија) на оперативна способност, надоместоци на професионалци и т.н.

Друштвото врши капитализација на каматите поврзани со користење на долгорочен кредит добиен специјално за финансирање на градбата на гасоводот. Капитализирањето на трошоците за позајмување завршува во моментот кога средството (гасоводот) се става во употреба, што е во согласност со МСС 23.22-Трошоци за позајмување.

## 1.6 Залихи

Залихите на Друштвото се состојат од залиха на ситен инвентар која целосно се носи на исправка кога ситниот инвентар се става во употреба.

## 1.7 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари на денарска и девизна сметка, депозити по видување и пари во каса.

## 1.8 Побарувања од купувачи

Побарување од купувачи се водат по номинална вредност, намалена за соодветни исправки за проценети сомнителни износи.

## 1.9 Обврска за долгорочен заем (подзаем)

***Договор за заем***

На 6 ноември 2015 година, во Службен весник на РМ бр.193/2015 е објавен Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче Банка и Ерсте Банка по Договор за заем за финансирање на Проектот – Гасификација на Република Македонија -фаза 1- делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар. Врз основа на донесениот Закон за задолжување, Министерството за финансии на 10.12.2015 година склучи Договор за заем бр.15-10888/10 со наведените банки. Овој Договор, покасно е дополнет со два анекси, кои се однесуваат на пролонгирање на рокот за повлекување на средствата од втората транша на заемот.

***Договор за подзаем***

Врз основа на наведениот Договор за заем, на 11.12.2015 година е склучен три партитен Договор за подзаем бр.18926/1 и Анекс бр.1 арх.бр. 03-1869/1 од 05.12.2016 година во кој како заемодавач, координатор на Проектот и заемопримач-инвеститор, се јавуваат Министерството за финансии на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Друштвото.

***Износ / услови на подзаемот***

Износ: ЕУР 90.000.000 во денарска противвредност;
Рок на отплата: 7 години со 3 години грејс период;
Камата: 6 месечен EURIBOR + маргина 450 bps, која се плаќа полугодишно;
Еднократна провизија : 1,5% од износот на подзаемот;
Камата на неповлечени средства: 2,47% на годишно ниво.
Датум на извршување на финансиските обврски: 10 јуни и 10 декември;
Начин на отплата: во 8 полугодишни рати почнувајќи од 10.06.2019 г. до 10.12.2022 г.
Повлекување на средствата: во 7 транши со однапред предвидена динамика.
Посебна сметка: средствата од подзаемот се водат на посебна девизна сметка во НБРМ.

Врз основ на Анекс бр.1 од Договорот за подзаем, извршено е дефинирање на финансиските обврски што произлегуваат од подзаемот а кои можат да се плаќаат од средствата на подзаемот: отплата на главнина, камати, еднократна провизија, провизија на неповлечени средства и други финансиски обврски, како и сите трошоци, казнени камати или провизии настанати како резултат на прекршување или неисполнување или ненавремено исполнување на обврските.

## 1.10 Поврзани субјекти

Однос со поврзани субјекти се јавува доколку едниот субјект демонстрира контрола врз другиот субјект или поседува исклучително влијание во одлуките за финансиските и оперативните одлуки на другиот субјект. Трансакциите со поврзани субјекти претставуваат трансфери на средства или обврски помеѓу поврзаните субјекти, без разлика дали е вредноста платена. Поврзани субјекти се сметаат дека се оние кои имаат значајна улога во донесување на финансиските и оперативните одлуки на Друштвото. Мнозинскиот, односно единствен сопственик на Друштвото е Владата на Република Македонија која има значајно влијание врз Друштвото, а со тоа и моќ да го контролира работењето на Друштвото во целина.

**2. Сметководствен третман на средствата за изградба на инфраструктурен Проект, магистрален гасовод Делница „Клечовце-Блок станица 5“ и сметководствен третман на средствата за изградба на инфраструктурен Проект, магистрален гасовод, Делница „Блок-станица 5 - Неготино“, Делница „Неготино (Кавадарци) - Битола“ и Делница „Скопје - Тетово - Гостивар“**

За евидентирање на средствата во Друштвото за реализација на магистралните гасоводи е применет посебен сметководствен третман.

**2.1. Финансиска конструкција на Проектот „Клечовце - Блок станица 5“**

Изградбата на Проектот се реализира преку следната финансиска конструкција согласно Законот за реализација на инфраструктурен проект за изградба на магистрален гасовод, делница „Клечовце - Блок станица 5“ (Сл.Весник на Р. Македонија, бр.13 од 23.01.2014 година) :

**А.** 80% од вредноста на Проектот треба да биде покриена безготовински, односно со затварање на побарувањата на Република Македонија од Руската Федерација;

**Б.** 20% од вредноста на Проектот треба да бидат покриени од страна на Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски;

**В.** Средства од страна на Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски за оперативно работење на МЕР АД Скопје и дополнителни инвестициони вложувања

**А. Сметководствен третман на 80% од вредноста на Проектот**

| Ред. бр. | Конто (должи) | Конто (побарува) | Опис на книжен став |
|---|---|---|---|
| 1. | 124 - Побарување од специфично работење на неповрзани друштва | 221 - Обврска спрема добавувач од странство | Акредитив |
| 2. | 016 - Материјални средства во подготовка | 294 - Одложено признавање на приходи врз основа на државна поддршка | Добиени фактури од странски добавувачи |
| 3. | 221 - Обврска кон добавувачи од странство | 124 - Побарување од специфично работење на неповрзани друштва | Плаќање на обврски кон добавувачи (безготовински, евиденциони) |

**Б. Сметководствен третман на 20% од вредноста на Проектот**

| Ред. бр. | Конто (должи) | Конто (побарува) | Опис на книжен став |
|---|---|---|---|
| 1. | 0161 - Материјални средства во подготовка (гасовод „Клечовце-Блок станица 5“) | 220 - Обврски кон добавувачи во земјата | Добиена фактура од добавувач |
| 2. | 100 - Жиро сметка | 294 - Одложено признавање на приходи врз основа на државна поддршка | Добиени парични средства од Владата на Република Македонија |
| 3. | 220 - Обврски кон добавувачи во земјата | 100 - Жиро сметка | Плаќање на фактура |

**B. Сметководствен третман на средства за оперативно работење на МЕР АД Скопје**

| Ред. бр. | Конто (должи) | Конто (побарува) | Опис на книжен став |
|---|---|---|---|
| 1. | Конто 4 - Трошоци | 220 - Обврски кон добавувачи во земјата | Добиена фактура од добавувач на стоки и услуги |
| 2. | 100 - Жиро сметка | 294 - Одложено признавање на приходи врз основа на државна поддршка | Добиени парични средства од Владата на Република Македонија |
| 3. | 220 - Обврски кон добавувачи во земјата | 100 - Жиро сметка | Плаќање на обврски кон добавувачи во земјата |
| 4. | 294 - Одлож.приз.на прих.врз основа на држ.поддршка | 767 - Приходи од средства добиени од Владата на Р.М. | Спротивставување на приходи еднакви на трошоците од оперативно работење |

**2.2. Финансиска конструкција на Проектот „Гасификација на Република Македонија – фаза 1 – делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар“**

Изградбата на Проектот се реализира преку следната финансиска конструкција согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“, (“Службен весник на Република Македонија” бр.193/2015) склучен е Договорот за заем помеѓу Министерство за финансии и Дојче банка АГ, филијала во Лондон и Ерсте банка АГ број 15-10888/1 од 10.12.2015 година, (Договор за заем), врз основа на кој Министерството за финансии на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија (ЗАЕМОДАВАЧ), Министерството за транспорт и врски (КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ) и Акционерското Друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост (ЗАЕМОПРИМАЧ - ИНВЕСТИТОР) склучија Договор за подзаем за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“ со наш арх.бр.05-1977/1 од 11.12.2015 година (Договор за подзаем) :

**А. Сметководствен третман на Проектот „Гасификација на Република Македонија – фаза 1 – делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар“**

| Ред. бр. | Конто (должи) | Конто (побарува) | Опис на книжен став |
|---|---|---|---|
| 1. | 0162 - Материјални средства во подготовка (гасовод „Блок станица 5-Неготино“)<br>0163- Материјални средства во подготовка (гасовод „Неготино-Битола“)<br>0164- Материјални средства во подготовка (гасовод „Скопје-Тетово-Гостивар“) | 220 - Обврски кон добавувачи во земјата | Добиена фактура од добавувач |
| 2. | 100 - Жиро сметка | 286 -Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата | Добиени парични средства од МФ ( Договор за подзаем) |
| 3. | 220 - Обврски кон добавувачи во земјата | 100 - Жиро сметка | Плаќање на фактура од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | добавувач |
| 4. | 0165 - Камати од кредити за средства во подготовка | 263 - Дел од долг.кредити и заеми кои доспеваат за плаќање до 1 год. | Обврски кон МФ за камати, казнени камати, провизии и сл. (Договор за подзаем) |
| 5. | Конто 4 - Трошоци-Банкарска провизија | 263 - Дел од долг.кредити и заеми кои доспеваат за плаќање до 1 год. | Обврски кон МФ за провизии на НБРМ ( Договор за подзаем) |

**Резултати од работењето**

Финансискиот резултат за работењето на НЕР АД Скопје е искажан во Билансот на успех за 2019 година, а состојбата на средствата, обврските и капиталот се искажани во Билансот на состојба на 31 декември 2019 година. Согласно евидентираните податоци и финансиските извештаи за период од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година НЕР АД Скопје нема остварени приходи од својата основна дејност, само приходи по основ на камати од работа со неповрзани друштва во вкупен износ од 1.125,00 денари и по основ на останати приходи од работењето во вкупен износ од 3.316,00 денари или се вкупно 4.441,00 денари, а расходите на Друштвото по основ на инвестициони трошоци и оперативно работење изнесуваат вкупно 20.577.984,00 денари.

Согласно Билансот на успех за 2019 година и Билансот на состојба на 31 декември 2019 година Друштвото искажува загуба во вкупен износ од 20.573.543,00 денари. Загубата е поради фактот што Друштвото се уште не остварува приходи од својата основна дејност од причина што проектите за изградба на магистралните гасоводи се обемни и потребно е време за нивна реализација.

## 3. БИЛАНС НА УСПЕХ

| | остварено за период **01.01.2019 - 31.12.2019** |
|---|---|
| **I. Приходи од работењето** | во денари |
| Приходи од продажба | 0,00 |
| Останати деловни приходи | 3.316,00 |
| **Вкупно приходи од работењето** | **3.316,00** |
| **II. Расходи од работењето** | |
| Потрошени мат. и ситен инве. | 946.124,00 |
| Трошоци за вработените | 13.644.509,00 |
| Амортизација | 1.188.154,00 |
| Трошоци за услуги | 2.529.733,00 |
| Останати трошоци | 1.667.866,00 |
| Останати расходи | 24.834,00 |
| **Вкупно расходи од работењето** | **20.001.220,00** |

| | |
|---|---|
| **Добивка/Загуба од деловните активности** | **-19.997.904,00** |
| III. Финансиски приходи | 1.125,00 |
| IV. Финансиски расходи | 576.764,00 |
| **Нето финансиски приходи/расходи** | **-575.639,00** |
| Загуба од редовното работење | -20.573.543,00 |
| Загуба пред оданочување | -20.573.543,00 |
| Добивка за деловната година | 0,00 |
| **Загуба за деловната годината** | **-20.573.543,00** |

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | остварено за период **01.01.2019 - 31.12.2019** |
|---|---|
| **Средства** | |
| Нетековни средства | |
| Нематеријални средства | 0,00 |
| Материјални средства | 9.222.099.019,00 |
| Вкупно нетековни средства | 9.222.099.019,00 |
| Тековни средства | |
| Залихи (ситен инвентар) | 0,00 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 134.977.000,00 |
| Даночни побарувања | 4.056.599,00 |
| Пари и парични еквиваленти | 2.273.932.692,00 |
| Вкупно тековни средства | 2.412.966.291,00 |
| **Вкупно средства** | **11.635.065.310,00** |
| **Капитал и обврски** | |
| Капитал и резерви | |
| Акционерски капитал | 503.371.630,00 |
| Загуба за деловната година | -20.573.543,00 |
| Пренесена загуба | 69.739.956,00 |
| Вкупно капитал и резерви | 413.058.131,00 |
| Нетековни обврски | |
| Обврска за долгорочен заем | 6.252.266.556,00 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.251.707.345,00 |
| Одложени даночни обврски | 0,00 |
| Вкупно нетековни обврски | 10.503.973.901,00 |
| Тековни обврски | |
| Обврски кон добавувачи | 429.169,00 |
| Останати обврски | 60.219,00 |

| | |
|---|---|
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 3.059.371,00 |
| Краткорочен дел на долгорочен заем | 714.484.519,00 |
| Данок на добивка | 0,00 |
| Вкупно тековни обврски | 718.033.278,00 |
| **Вкупно капитал и обврски** | **11.635.065.310,00** |

**5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ ЗА ГОДИНАТА ШТО ЗАВРШУВА на 31 декември 2019 год.**
**во илјада денари**

| | Акционер-ски капитал | Акционер-ски премии | Резерви | Неконтролирано учество | Акумулирана добивка | Останата сеопфатна добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Салдо на 31.12.2017 год. | 93.382 | 0 | 0 | 0 | -47.643 | 0 | 45.739 |
| Промени во сметководствените политики | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Повторно утврдено салдо | 93.382 | 0 | 0 | 0 | -47.643 | 0 | 45.739 |
| Нето добивка/загуба за периодот | | | | | -22.097 | | -22.097 |
| Ревалоризационен кусок | | | | | | | |
| Ревалоризационен вишок | | | | | | | |
| Останата сеопфатна добивка | | | | | | | |
| Резерви | | | | | | | |
| Дивиденди | | | | | | | |
| Издаден акционерски капитал | 359.989 | | | | | | 359.989 |
| Салдо на 31.12.2018 год. | 453.372 | 0 | 0 | 0 | -69.740 | | **383.632** |
| Нето добивка/загуба за периодот | | | | | -31.722 | | -31.722 |
| Ревалоризационен кусок | | | | | | | 0 |
| Ревалоризационен вишок | | | | | | | 0 |
| Останата сеопфатна добивка | | | | | | | 0 |
| Резерви | | | | | | | 0 |
| Дивиденди | | | | | | | 0 |
| Промени во сметководствените политики | | | | | | | 0 |
| Издаден акционерски капитал | 50.000 | | | | | | 50.000 |
| **Салдо на 31.12.2019 год.** | **503.372** | **0** | **0** | **0** | **-101.462** | | **401.910** |

**6.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА**
**на 31 декември 2019 година**
**(во илјада денари)**

| | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| Парични текови од оперативни активности | | |
| Нето добивка за периодот | -20.574 | -22.097 |
| Амортизација | 0 | 0 |
| Капитална добивка | | |
| Капитална загуба | 0 | 0 |
| Побарувања од купувачите | 0 | 0 |
| Останати побарувања | 356.942 | 226.308 |
| Залихи | 0 | 0 |
| Обврски спрема добавувачи | -3.603 | -25.069 |
| Обврски кон државата | 1 | -3 |
| Обврски за плата и др.обврски спрема вработени | 21 | -5 |
| Други обврски | -1.331 | 3.944 |
| АВР | 0 | 0 |
| ПВР | 0 | 0 |
| **Нето парични средства од оперативни активности** | **331.456** | **183.078** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | |
| Нематеријални средства | 0 | 0 |
| Материјални средства | -<br>2.033.750 | -<br>922.200 |
